Врз основа на член 19 став 4 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на РМ“ бр.20/09) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за формата и содржината на образецот на записникот**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на записникот на Државниот инспектор за земјоделство и Државниот фитосанитарен инспектор при Државниот инспекторат за земјоделство.

Член 2

Записникот од член 1 од овој правилник е даден на формат А4 и ги содржи следните податоци:

- назив на органот кој го издава записникот
- број
- дата
- записник
- составен на ден во просторија
- со седиште на ул./ бр./ место
- надзорот е извршен од страна на државниот инспектор за земјоделство или државниот фитосанитарен инспектор
- место за името на инспекторот
- присутно лице
- одговорно лице
- име татково име и презиме
- работно место
- место на раѓање
- дата на раѓање
- место на живеење во
- улица и број
- ЕМБГ
- лк. бр.
- издадена од МВР
- државјанин на
- вршејќи инспекциски надзор врз основа на член 19 од Законот за државниот инспекторат за земјоделство Службен весник бр.20/09 и Законот за
- место за потполнување на записникот
- забелешка на присутните лица
- записникот е составен во 3 примероци од кој еден за странката и два за инспекторот
- потпис на присутното лице
- потпис на инспекторот

На горната десна страна записникот ги содржи следните податоци:

- даночен број
- судска влошка

- единствен матичен број
- жиро сметка
- депонент
- телефон / факс

Образецот на записникот од член 1 на овој правилник е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник“ на Република Македонија.

Бр.10- 6513/1<br>19.мај 2009<br>Скопје

Министер<br>за земјоделство, шумарство<br>и водостопанство<br>Ацо Спасеноски